# Дневна хемеротека за *26.02.2015г.*

## Вечер - *Индустријата има најголеми трошоци за заштита на животна средина*

вечер МАКЕДОНИЈА БАЛКАН СВЕТ СКОПСКА ЕКОНОМИЈА LIFE КУЛТУРА ЗАБАВНА

СТАТИСТИКА

### Индустријата има најголеми трошоци за заштита на животна средина

25 февруари 2015 - 12:54

**Трошоците за заштита на животната средина во 2013 година учествуваа со 1,5 проценти во БДП, објави Државниот завод за статистика.**



Според податоците вредноста на трошоците изнесувала 7.556.048.000 денари.

Најголемо е учеството на трошоците за постапување со отпад, 43 проценти, по кои следат трошоците за циркулациски систем за снабдување со вода со 29,8 проценти и за заштита на воздухот со 10,4 проценти.

Трошоците за заштита на животната средина се состојат од компонентите: инвестиции во средства за заштита на животната средина и трошоци за одржување на средствата за заштита на животната средина. Учеството на инвестициите во вкупните трошоци за заштита на животната средина изнесува 53,3 проценти, а на трошоците за одржување 46,7 проценти.

Од вкупните трошоци за заштита на животната средина, најмногу трошоци се направени во индустријата и специјализираните производители 5.191.711.000 денари, односно 68,7 проценти.

Од направените трошоци за заштита на животната средина во индустријата и специјализираните производители, 45,6 проценти се наменети за инвестиции, а 54,4 проценти се за одржување на средствата, покажуваат податоците на Државниот завод за статистика

НАЈНОВИ ВЕСТИ



11 години од смр
Борис Трајковски
пред 30 минути



Паѓа цената на с
Скопје, расте
побарувачката
пред еден час



Жорди Ксукла де
дека побарал мо
за Македон...
пред 15 минути



Казнети 26 пеша
поминале вон пе
црвено!
ново

Повеќе од 30 про

## Канал5 - *Најмногу трошоци за животна средина во индустријата и специјализираните производители*

КАНАЛ 5 ТЕЛЕВИЗИЈА

# Најмногу трошоци за животна средина во индустријата и специјализираните производители

МАКЕДОНИЈА | *Прочитана: 62 пати*

***Трошоците за заштита на животната средина во 2013 година учествуваа со 1,5 проценти во БДП, објави Државниот завод за статистика.***




ОСТАНАТИ ОД МАКЕДОНИЈА

Објавен конкурсот за Фулбрајт студентската програма



Од донациите за поплавените подрачја собрани 200 илјади евра



Златна зора: Никој нема право да го користи името Македонија

Македонија во репортажа

Според податоците вредноста на трошоците изнесувала 7.556.048.000 денари.

Најголемо е учеството на трошоците за постапување со отпад, 43 проценти, по кои следат трошоците за циркулациски систем за снабдување со вода со 29,8 проценти и за заштита на воздухот со 10,4 проценти.

Трошоците за заштита на животната средина се состојат од компонентите: инвестиции во средства за заштита на животната средина и трошоци за одржување на средствата за заштита на животната средина. Учеството на инвестициите во вкупните трошоци за заштита на животната средина изнесува 53,3 проценти, а на трошоците за одржување 46,7 проценти.

Од вкупните трошоци за заштита на животната средина, најмногу трошоци се направени во индустријата и специјализираните производители 5.191.711.000 денари, односно 68,7 проценти. Од направените трошоци за заштита на животната средина во индустријата и специјализираните производители, 45,6 проценти се наменети за инвестиции, а 54,4 проценти се за одржување на средствата, покажуваат податоците на Државниот завод за статистика. /МИА

# Koha - *Më së shumti shpenzime për mjedis jetësor*








## Më së shumti shpenzime për mjedis jetësor

KOHA 25/02/2015 16:30:00

Madhësia: – +




Shpenzimet për mbrojtje të mjedisit jetësor në vitin 2013 morën pjesë me 1.5 për qind në BPV, kumtoi Enti Shtetëror për Statistika. Sipas të dhënave, vlera e shpenzimeve paraqet 7.556.048.000 denarë. Pjesëmarrje më të madhe të shpenzimeve për veprim me mbeturinat, 43 për qind, pas të cilave vijojnë shpenzimet për sistem reciklues për furnizim me ujë me 29.8 për qind dhe për mbrojtjen e ajrit m 10.4 për qind. Shpenzimet për mbrojtjen e mjedisit jetësor përbëhen nga komponentet: investime në mjete për mbrojtjen e mjedisit jetësor dhe shpenzime për mirëmbajtjen e mjeteve për mbrojtje të mjedisit jetësor. Pjesëmarrja e investimeve në shpenzimet e përgjithshme për mbrojtjen e mjedisit jetësor paraqet 53.3 për qind, ndërsa e shpenzimeve për mirëmbajtje 46,7 për qind. Nga shpenzimet e përgjithshme për mbrojtje të mjedisit jetësor, më së shumti shpenzime janë bërë në industri dhe prodhimet e specializuara 5.191.711.000 denarë, përkatësisht 68,7 për qind. Nga shpenzimet e bëra për mbrojtjen e mjedisit jetësor në industri dhe prodhimet e specializuara, 45.6 për qind janë dedikuar për investime, ndërsa 54.4 për qind janë për mirëmbajtjen e mjeteve, tregojnë të dhënat e Entit Shtetëror për Statistika.

SPECIALE

Telegraf.rs: Kush i pari u vendos në Ballkan – serbët apo shqiptarët? Ja përgjigjja shokuese!

Pëson vodka ruse, por jo konsumi i alkoolit

Perandoria e Gengis Khanit, që u ngrit nga hiçi dhe dominoi botën

Ukrania, kjo është loja e Putinit

## Сител - *Најмногу трошоци за животна средина во индустријата и специјализираните производители*

Трошоците за заштита на животната средина во 2013 година учествуваа со 1,5 проценти во БДП, објави Државниот завод за статистика. Според податоците вредноста на трошоците изнесувала 7.556.048.000 денари.

## Бизнис Вести - *Индустријата и специјализираните производители со најмногу трошоци во заштита на животната средина*

Според податоците на Државниот завод за статистика, вредноста на трошоците за заштита на животната средина во 2013 година изнесува 7 556 048 илјади денари. Учеството на трошоците за заштита на животната средина во БДП во 2013, којшто е 499 5991) ...

## Република - *Индустријата и специјализираните производители со најмногу трошоци за животна средина*

Трошоците за заштита на животната средина во 2013 година учествуваа со 1,5 проценти во БДП, објави Државниот завод за статистика. Според податоците вредноста на трошоците изнесувала 7.556.048.000 денари.

## Фактор - *ДЗС: Индустријата со најголеми трошоци за заштита на животната средина*

Државниот завод за статистика денеска ги објави податоците за вредноста на трошоците за заштита на животната средина и според истите во 2013 година изнесува 7 556 048 илјади денари. Учеството на трошоците за заштита на животната средина во БДП во ...

## Бизнис Инфо - *Над 7,5 милијарди денари трошоци за заштита на животната средина во 2013*

Вредноста на трошоците за заштита на животната средина во 2013 година е 7.556.048.000 денари, покажуваат податоците на Државниот завод за статистика . Учеството на трошоците за заштита на животната средина во БДП во 2013 е 1,5%.

## Порта 3 - *Најмногу трошоци за животна средина во индустријата и специјализираните производители*

Трошоците за заштита на животната средина во 2013 година учествуваа со 1,5 проценти во БДП, објави Државниот завод за статистика. Според податоците вредноста на трошоците изнесувала 7,556 милијарди денари.

## Fox.mk - *Најмногу трошоци за животна средина во индустријата и специјализираните производители*

Според податоците на Државниот завод за статистика трошоците за заштита на животната средина во 2013 година учествуваа со 1,5 проценти во БДП. Вредноста на трошоците изнесувала 7.556.048.000 денари.

## еМагазин - *Најмногу трошоци за животна средина во индустријата и специјализираните производители*

Трошоците за заштита на животната средина во 2013 година учествуваа со 1,5 проценти во БДП, објави Државниот завод за статистика.Според податоците вредноста на трошоците изнесувала 7.556.048.000 денари.Најголемо е учеството на трошоците за ...

## Lider - *Најмногу трошоци за животна средина во индустријата и специјализираните производители*

Трошоците за заштита на животната средина во 2013 година учествуваа со 1,5 проценти во БДП, објави Државниот завод за статистика. Според податоците вредноста на трошоците изнесувала 7.556.048.000 денари.

## Курир - *Најмногу трошоци за животна средина во индустријата и специјализираните производители*

Според податоците на Државниот завод за статистика трошоците за заштита на животната средина во 2013 година учествуваа со 1,5 проценти во БДП. Вредноста на трошоците изнесувала 7.556.048.000 денари.

## Денешен - *Најмногу трошоци за животна средина во индустријата и специјализираните производители*

Трошоците за заштита на животната средина во 2013 година учествуваа со 1,5 проценти во БДП, објави Државниот завод за статистика. Според податоците вредноста на трошоците изнесувала 7.556.048.000 денари

## Дневник - [Заштитата на шумата Гази Баба ќе ги спречи дивата сеча и градба]

Дневник ONLINE

*Датум: 25.02.2015, 15:17*

ПРЕДЛОГ-ЗАКОНОТ ВЛЕЗЕ ВО СОБРАНИСКА ПРОЦЕДУРА

### ЗАШТИТАТА НА ШУМАТА ГАЗИ БАБА ЌЕ ГИ СПРЕЧИ ДИВАТА СЕЧА И ГРАДБА



Парк-шумата Гази Баба од карактеристичен пејзаж ќе биде прогласена за парк на природата и со него како и досега ќе управува Градот Скопје. Предлог-законот за измена на дефинирањето на локалитетот веќе е во собраниска процедура, на прво читање, а како иницијатори за неговото донесување се јавуваат група - пратеници меѓу кои и Олга Најденовска од ВМРО-ДПМНЕ.

Таа објасни дека целта на законот за прогласување на локалитетот за парк на природата, всушност е категоризација, односно ревалоризација на парк-шумата и решавање на сите прашања кои до сега не беа уредени со градската одлука.

- Оваа парк-шума ќе претставува зелена оаза, зелен појас во центарот на градот, заштитен од сите натамошни штетни дејствија и влијанија што негативно би се одразиле на шумската вегетација, на растителниот свет, габната флора и инсектите, односно сето она што парк-шумата ја прави да ги има карактеристиките на парк на природата - изјави пратеничката Најденовска.

**Шумата ќе се околчи**

Со прогласувањето за парк на природата точно ќе биде дефинирана неговата граница, функција и цел, кој и како ќе управува со него, заштитата, надзорот, казните кои ќе следат ако не се почитуваат законските одредби.

Според Најденовска, парк-шумата има непроценливото општокорисно значење. Како природна реткост, во согласност со Законот за заштитата на природата, спаѓа во четврта категорија и претставува парк на природата. Она најважното, со законскиот предлог ќе се спречат градежните дејствија и дивоградењето.

-Шумата Гази Баба се белите дробови на Скопје и има туристичко-рекреативна и санитарно-хигиенска улога. Сметаме дека овој парк има непроценливо значење за градот и затоа е неопходно сите прашања за функционирањето на парк-шумата да добијат законски рамки, а тоа значи заштита на дрвјата и шумата од инсекти, од штетници, од бесправно сечење и бесправни градежни дејствија. Освен тоа, заштитата подразбира и обновување на шумскиот фонд, а под контрола ќе биде и поставувањето и видот на урбаната опрема - потенцира таа.

Меѓу другото, ставањето во законска рамка на локалитетот, е од големо знаење и за загадувањето на воздухот во Скопје.

Планот е парк-шумата јавно да се обележи на самото место со трајни и видливи белези дека е ставена под заштита на законот. Ќе се изготви геодетски елаборат, а обележувањето ќе го врши Градот.

-Заштитата на парк-шумата се врши врз основа на стручна студија, која содржи: дендролошка и фитоценолошка основа, план за заштита од пожари и други елементарни непогоди и други стручни подлоги. Студијата ,Советот на Градот Скопје, треба да ја донесе во рок од шест месеци од денот на влегувањето во сила на овој закон - се вели во предлог-законот.

Освен тоа, Советот на Градот Скопје донесува и план за управување и годишна програма. Со годишната програма се предвидува: санитарна сеча, обновување на шумскиот фонд, заштита од болести и штетници, поставување и вид урбана опрема, изградба и реконструкција на инфраструктурата (линиски инфраструктурни објекти.

**Ќе се формира и совет за контрола**

Управувањето со парк-шумата е на градоначалникот на Градот Скопје кој ќе формира совет составен од претседател и четири членови. И тоа од редот на научните работници од соодветните области.

-Тој совет ќе биде носител на контролата врз парк-шумата Гази Баба. Советот предлага стручна студија за заштита на парк-шумата, план за управување и годишна програма за заштита на парк-шумата, правилник за одржувањето, користењето и заштитата на парк-шумата и мерките за надомест на направените штети во случај на непочитување на одредбите од овој закон - истакна Најденовска.

Таа додаде дека овој предлог-закон следи по долгогодишна научноистражувачка работа, опсежни студии во кои се вклучени Земјоделскиот и Шумарскиот факултет, како и подготвување елаборат од страна на Шумарскиот факултет.

Душан Авировиќ, директор на јавното претпријатие „Паркови и зеленило" кое се грижи за локалитетот, смета дека законскиот предлог дава поголемо значење на заштитената зона.

- Се работи за површина од околу 108 хектари со огромна моќ на апсорбирање на штетни гасови, и со уште поголема моќ на испуштање кислород. Со законот ќе се заострат критериумите за бесправна сеча и издавањето дозволи за градба и градот ќе добие филтер за сите нечисти гасови - изјави Авировиќ.

Тој додаде дека тие и досега имале екипи за одржување на парк-шумата, како и чуварска служба.

- Сега подготвуваме и нов рекреативен парк во рамките на шумата на површина од два хектара, во делот на територијата на Општината Чаир. Покрај постојните реквизити, ќе направиме и три нови видиковци, 15 маси со клупи и ќе поставиме канти за отпадоци. Освен тоа се подготвуваат и трим-патеки - информира тој.

## БОГАТСТВО ОД РЕТКИ ГАБИ, ВИШИ РАСТЕНИЈА И ЗНАЧАЈНИ ВИДОВИ ПТИЦИ

Локалитетот парк-шума Гази Баба претставува посебен феномен поради раритетот на големината на површината обрасната со шумска растителност во центарот на Скопје како урбана средина. Оваа шума претставува вистинска биоценоза со сите свои атрибути. Во неа може да се сретнат значајни ретки видови: ретки габи и виши растенија, значајни видови птици, загрозени на регионално (европско) ниво.

Статусот на парк-шума Гази Баба го добива по земјотресот во 1963 година, на површина од 107,7 хектари земјиште. На 18 ноември 1998 година Советот на Град Скопје на седница, донесе Одлука за прогласување на локалитетот Гази Баба за карактеристичен пејзаж, кое како заштитено подрачје е под ингеренции на Град Скопје, а со него стопанисува јавното претпријатие „Паркови и зеленило".

## ОСЛОБОДУВА 970,64 ТОНИ КИСЛОРОД ГОДИШНО

Според стручната основа за одржување и унапредување на шумата Гази Баба, изработена од страна на Шумарскиот факултет од 21 април 2000 година, значењето на парк-шумата Гази Баба е големо бидејќи на годишно ниво врзува 1.323,6 тони јаглероден диоксид, а ослободува 970,64 тони кислород, филтрира 5.294 тони прав и апсорбира 8.824 килограми сулфур диоксид од воздухот и исто толку јаглероден моноксид и азотни оксиди.

**Анела Петрова**